Република Северна Македонија
Општина Вевчани
Бр. 03-532/4
13.07.2022 год.
ВЕВЧАНИ

ВЕВЧАНИ

# ОГЛАС ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ БР. 01/2022
## за продажба на отпаден материјал - старо железо

1. **Предмет на продажба:**

   Предмет на овој јавен оглас е прибирање на понуди за продажба на отпаден материјал како старо железо на подвижна ствар резервоар за течно гориво – цистерна од 1994 година инсталирана во помошен објект на старата училишна зграда.

   Согласно проценката на отпадниот материјал кој е предмет на продажба на овој јавен оглас за прибирање на понуди, изработена од ТД ГЕНИКО – Прилеп, станува збор за дотраена и нефункционална цистерна за складирање на течно гориво со проценети димензии од 6,6 м должина, 2,1 м во пречник и можна дебелина на лим од 7 мм. Проценетата количина на отпадниот материјал изнесува 2864,00 кг.

2. **Право на учество:**

   Право на учество на овој јавен оглас за прибирање на понуди имаат сите заинтересирани правни лица кои ги исполнуват условите од огласот, односно се регистрани за вршење на дејност поврзана со предметот на продажба и поседуваат соодветна дозвола за собирање, транспорт или складирање на отпад од старо железо.

   Заинтересираните понудувачи потребно е да ги достават следните документи:

   - Финансиска понуда[1];
   - Документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар; и
   - Дозвола за собирање, транспорт или складирање на отпад од старо железо издадена од Министерсто за животна средина и просторно планирање.

3. **Рок за доставување на понудите**

   Заинтересираните понудувачи своите понуди потребно е да ги достават најдоцна до (понеделник) 18.07.2022 година, на следната адреса: Општина Вевчани, Вевчани бб, 6335 Вевчани или лично во архивата на општината секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.

[1] Образецот на понудата може да се подигне лично од аррхивата на Општина Вевчани или на следниот веб сајт: www.vevcani.gov.mk

4. **Критериум за вреднување на понудите**

   Критериум за вреднување на понудите е цената со пресметан ДДВ за килограм предадено отпадно железо. За најповолна понуда ќе биде избрана понудата на понудувачот кој ќе понуди највисока цена.

5. **Динамика и начин на превземање на отпадот**

   Динамика на превземање на отпадниот материјал ќе се одвива по претходно писмена најава од Општина Вевчани.

   Мерењето на предадениот отпаден материјал ќе се врши на кантарска вага по принцип празен и полн камион.

6. **Начин на плаќање на предадениот отпад**

   Плаќањето на превземениот отпаден материјал ќе се врши вирмански, на сметката на Општина Вевчани, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавање на фактурата за предадениот отпаден материјал.

Со најповолниот понудувач Општина Вевчани ќе склучи договор за продажба на отпаден материјал со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски.

Сите заинтересирани понудувачи за подетални информации можат да се обратат на телефонот 046/784-640 локал 105.

ОПШТИНА ВЕВЧАНИ
**Градоначалник**
Спасе Кочовски